# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Понеделник Јули 2026 година Број 12/2026 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 18-та седница на Советот на Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прогласување итност на 18-та седница на Советот на Општина Радовиш, 08-1025/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 207.07.2026 година.

Број 09-1025/2
Дата 27.07.2026 г.
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 53 од Деловникот за работа ,

Советот на општина Радовиш на XVIII седница одржана на 27.07.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за прогласување итност на 18-та седница на Советот на Општина Радовиш

член 1

Со оваа Одлука се прогласува итност на 18-та седница на Советот на Општина Радовиш одржана на 27.07.2026 година со цел да се донесе Одлука за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети настанати од природни непогоди и други несреќи.

член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1025 /1
Дата 27.07.2026 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Гоце390Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети настанати од природни непогоди и други несреќи

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети настанати од природни непогоди и други несреќи, 08-1026/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 27.07.2026 година.

Број 09-1026/2
Дата 27.07.2026 г.
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 143 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21, 124/25 и 148/26), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 31, точка 38 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш, на XVIII седница одржана на ден 27.07.2026 година, донесе:

О Д Л У К А
за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети настанати од природни непогоди и други несреќи

Член 1

Се формира Комисија за процена и утврдување на висината на штети настанати од природни непогоди и други несреќи.

За членови на Комисијата се именуваат:

- Наташа Иванова Вучкова– претседател;
-Сашка Арсова – член;
- Драги Миленков – надворешен член;
- Александар Ѓоргиев – надворешен член;
- Дарко Илиев – надворешен член;
-Васил Ристов– надворешен член;
-Звонко Атанасов– надворешен член;
-Мите Јовановски– надворешен член;
-Васил Митев– надворешен член.

Член 2

Комисијата ги врши следните работи:

- Објавува Јавен Повик
- Ги разгледува барањата поднесени од физички и правни лица;
- врши увид на лице место по настанување на природна непогода или друга несреќа;
- Врши процена и утврдување на висината на штетата согласно Единствената методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи што ја донесува Владата, на предлог на Министерството за финансии;
- Составува записници од извршените увиди;
- Изготвува поединечни проценки и збирен елаборат за настанатите штети;
- Доставува извештаи, елаборати и предлози до Советот на Општина

Радовиш, Градоначалникот и до надлежните државни органи;

- Врши и други работи утврдени со закон и подзаконските прописи.

Член 3

Комисијата ќе биде во согласност со Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на штета настаната од природни непогоди и други несреќи (Сл.Весник на РМ бр.98/05, 152/10, 90/15 и Сл.Весник на РСМ 194/19) и работи и одлучува согласно Законот за заштита и спасување, а процената на штетата Комисијата ќе ја утврдува согласно Единствената методологија за процена на штета што ја донесува Владата, на предлог на Министерството за финансии.

Член 4

Мандатот на членовите на Комисијата е 4 (четири) години.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Радовиш“.

Број 08-1026/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 27.07.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Содржина:

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 18-та седница на Советот на Општина Радовиш------------------------------------------1
-Одлука за прогласување итност на 18-та седница на Советот на Општина Радовиш------------------------------------------1
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети настанати од природни непогоди и други несреќи--------------------------------2
-Одлука за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети настанати од природни непогоди и други несреќи--------------------------------2